С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 7 година XLIII

02 мај 2007

78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/2
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/4
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ - Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/3
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05)член 22,став 1,

точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.04.2007 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ – Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес („Сл.гласник на Општина Велес“бр. 6/87).

Измената и дополнувањето на ДУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес е со површина на урбано подрачје од 4,25ha.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Нацрт изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ – Велес.

Член 4

За изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје бр.16-3354 од 18.04.2007 година.

Член 5

Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ„Трајко Панов“ – Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-1850/5
30.04.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ „Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“ - Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ „Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/4
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ „Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес („Сл.гласник на Општина Велес 2/94“).

Измената и дополнувањето на ДУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилник за проектирање на објекти(„Сл. весник на РМ“ бр.69/99,102/00 и 2/02).

Член 2

Просторот со кој се врши изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес е со површина на урбано подрачје од 4.95ha.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од јавна презентација и јавната анкета на Нацрт изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес.

Член 4

За изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје бр.16-3355 од 20.04.2007 година.

Член 5

Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-1850/6
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес - објект во м.в.„Моша Пијаде“

Се објавува Одлуката за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес - објект во м.в.„Моша Пијаде“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/5
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес("Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес-објект во м.в.„Моша Пијаде“

Член 1

Со оваа Одлука се врши намена на дел од објект што се наоѓа на КП16883, заведен на Имотен лист бр.23410 за КО Велес во м.в.„Моша Пијаде“, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Објектот од член 1 на оваа Одлука е со вкупна површина од 212 м2 , од кои 110 м2 се наменуваат за работа на Дневниот центар - Служба за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Општина Велес.

Површината од 110м2 се состои од три простории, хол и санитарен јазол. Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ.

Член 3

Работата на Дневниот центар - Службата за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Општина Велес е во согласност со Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година.

Член 4

Градоначалникот ќе склучи посебен договор со Раководителот на Установата за социјална заштита или друго правно лице во чиј состав ќе биде организиран Дневниот центар како посебна организациона единица.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/7
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/6
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа член 3 став 1 точка 13 и 17 од Законот комунални дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), член 3 точка 8 и член 20 став 1 тарифен број 8 од Законот за комунални такси („Сл. весник на РМ“ бр.61/04) и член 45,став 1 Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.8/00) во членот 5 по ставот 1 се додава нов став кој гласи:

„На подрачјето на Општина Велес како јавни паркиралишта на дел од коловозот се определуваат следните локации:

-дел од коловозот на улица „Благој Ѓорев“ и тоа од спојот со улица „Индустриска“ до спојот со улица „Шефки Сали“, како и проширувањето на коловозот на улица „Благој Ѓорев“ непосредно пред зградата на Македонски телекомуникации;

- дел од коловозот на улица „Маршал Тито“ и тоа од спојот со улица „ Благој Ѓорев “ до спојот со улица „Коле Неделковски“;

- дел од коловозот на улица „Димитар Влахов“ и тоа од спојот со улица „Орце Шутев “ до спојот со улица „Стојан Бурчевски Буридан“;

- Проширувањето на коловозот на улица „Марксова“;

- Проширувањето на коловозот на улица „Лазо Осмаков“;

- Проширувањето на коловозот на улица „Кумановска“.

Член 2

Во членот 7 во ставот 1 по зборот „паркиралиштата“ се додава текст :„како и за одстранување и чување на непрописно паркираните возила од јавните површини на територијата на“.

Член 3

Во член 11 бројот „20“ се брише и се заменува со бројот „30“.

Член 4

Во членот 19 по зборот Градоначалникот „запирката“ се брише и се заменува со „точка“ и текстот до крајот на реченицата се брише.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/8
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/10
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
, Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 57, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.04.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организацијата делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.6/05,8/05,1/05 и 7/06) во членот 4, во ставот 2 после„Одделение за инспекциски надзор” зборовите „а на ниво на самостоен извршител функционира внатрешен ревизор“ се бришат и се додаваат зборовите „ и Одделение за внатрешна ревизија”.

Член 2

Во член 5 во став 1 после алинеја „три“ се додава нова алинеја која гласи„Одделние за внатрешна ревизија“.

Член 3

После точка Г и член 16„Одделение за инспекциски надзор“ се додава нова точка „Д Одделение за внатрешна ревизија“, а зборовите „Внатрешен ревизор“ се бришат и текстот од член 17 се менува и гласи:

„Член 17

Одделението за внатрешна ревизија врши внатрешна ревизија согласно законот, ситемот и процедурите за внатрешна ревизија воспостени од Општината, а согласно меѓународните воспоставени стандарди за внатрешна ревизија прифатени од Министерството за финансии. Изготвува упатство за работа на одделението и повелба за внатрешна ревизија, подготвува годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на проценатa за подобрување од раководителот и нивно спроведување и следење, го организира и координира работењето на внатрешната ревизија и врши надзор на нејзиното спроведување, информира за постоење на сопствен конфликт на интереси при извршување на својата задача, го информира раководителот на субјектот доколку се појави сомнеж за нерегуларности или измами кои можат да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка, го доставува ревизорскиот извештај до раководителот на субјектот, подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија, се грижи за квалитетно извршување на внатрешната ревизија и примената на насоките дадени од министерот за финансии, се грижи за евидентирање на ревизорските активности и чување на документите од ревизиите, обезбедува обука на внатрешните ревизори, подготвува и поднесува годишни планови за обука до раководителот на субјектот за нивно одобрување и обезбедување за нивна имплементација“.

Член 4

Се задолжува Комисијата за Статут и прописи да го утврди пречистениот текст на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1850/12
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Решението за запирање од објавување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, донесено од градоначалникот бр.0801-1686/1 од 18.04.2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/1
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Решението за запирање од објавување на Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, донесено од Градоначалникот на Општина Велес бр.0801-1686/1 од 18.04.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1850/3
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за распределба на средства за подршка на спортот во Општина Велес за 2007 година

Се објавува Решението за распределба на средства за подршка на спортот Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/9
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Влес" бр.12/06), а согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секротот во 2007 година (Сл.гласник на Општина Велес" бр.22/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2007 година

1.Со ова решение се врши распределба

на средства од Буџетот на Општина Велес на спортски клубови и спортисти од општината согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади и НВО секторот во 2007 година, глава II во точка IV, реден број 1 - поддршка на спортот во градот, предвидени средства 1.100.000 денари.

2. Распределбата на средствата е прикажана во следниот преглед:

1	Одбојкарски клуб ,,Борец,,	70.000
2	Одбојкарски клуб ,,Борец,, - жени	90.000
3	Клуб за мал фудбал ,,Велес,,	90.000
4	Ракометен клуб ,,Борец,,	70.000
5	Ракометен клуб ,,Велес,,	70.000
6	Ракометен клуб ,,Леов Бартек,,	70.000
7	Кошаркарски клуб ,,Ангели Леов,,	70.000
8	Кајакарски клуб ,,Вардар,,	25.000
9	Кајакарски клуб ,,Вила Зора,,	25.000
10	Кајакарски клуб ,,Бабуна,,	25.000
11	Младински велосипедски Клуб ,,Велес,,	20.000
12	Клуб за гимнастички спортови ,,Партизан,,	40.000
13	Здружение на спорт. риболовци ,,Бабуна,,	10.000
14	Стрелачки клуб ,,Велес,,	10.000
15	Атлетски клуб ,,Изгрев,,	12.000
16	Фудбалски клуб ,,Борец,,	120.000
17	Фудбалски клуб ,,Превалец,,	70.000
18	Фудбалски клуб ,,Бирлик,,	25.000
19	Фудбалски клуб ,,Интернационал,,	20.000
20	Фудбалски клуб ,,Соцо Мак,,	20.000
21	Фудбалски клуб ,,Илинден,,	20.000
22	Карате клуб ,,Гемиџии,,	8.000
23	Карате клуб ,,Бушидо,,	8.000
24	Карате клуб ,,Велес,,	8.000
25	Карате клуб ,,Шкорпион,,	8.000
26	Карате клуб ,,Гладијатор,,	8.000
27	Спортско риболовно друштво ,,Металург,,	8.000
28	Јуниор куп ,,Снупи,,	40.000
29	Кадети ,,Снупи,, А1 лига	40.000
	ВКУПНО:	**1.100.000**

3. Средствата ќе се исплаќаат до крајот на годината сразмерно со полнењето на Буџетот на Општината за 2007 година.

4. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/11
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/7
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с. Горно Оризари

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/9
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2007 година.

Број 0801-1858/8
02.05.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја усвои Информацијата за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1850/10
30.04.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

Бр на акт **Страница**

78	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година**	**106**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први квартал 2007 година	
79	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ - Велес**	**106**
	ОДЛУКА за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Централно градско подрачје МЗ „Трајко Панов“ – Велес	
80	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ „Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“ - Велес**	**108**
	О Д Л У К А за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за МЗ„Алексо Демниевски“ - дел од локалитет „Керамидна“- Велес	
81	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес - објект во м.в.„Моша Пијаде“**	**109**
	О Д Л У К А за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес-објект во м.в.„Моша Пијаде“	
82	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес**	**110**
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за определување на локации, одржување и начин на користење на јавните паркиралишта на подрачјето на Општина Велес	
83	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**	**111**
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за организацијата делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес	

Бр на акт **Страница**

84	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	**112**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес	
85	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за распределба на средства за спортот во Општина Велес за 2007 година**	**112**
	РЕШЕНИЕ за распределба на средства за поддршка на спортот во Општина Велес за 2007 година	
86	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари**	**114**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај од делегирани надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с. Горно Оризари	
87	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес**	**114**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во Општина Велес	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00